РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-83/5
06.10.2020 година/viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 7 седница одржана на 30.09.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за акредитација на студиската програма „Дизајн и технологија на текстил и облека ", од прв циклус (додипломски) академски студии на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет Гоце Делчев Штип

1. Се акредитира студиската програма „Дизајн и технологија на текстил и облека", од прв циклус (додипломски) академски студии на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет Гоце Делчев Штип согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран инжинер технолог - Дизајн и технологија на текстил и облека; во меѓународен промет академски назив Graduate Engineer of Technology - Design and Technology of Textile and Clothing.

4. Научно - истражувачко подрачје: техничко-технолошки науки
Научно – истражувачко поле: 223 текстилна технологија
Научно – истражувачка област: 22300 Текстилни и технички влакна 22301 Текстилно механичко инженерство 22302 Хемија на текстилот 22303 Технологија на облека 22304 Дизајнирање на текстил и облека 22305 Технологија на конфекција

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува: 20 редовни студенти во државна квота, 10 редовни студенти запишани со кофинансирање и 10 вонредни студенти, вкупно 40 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 0201-306/57 од 20.05.2020 година од страна на Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма од прв циклус на студии „Дизајн и технологија на текстил и облека“ на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет Гоце Делчев Штип, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр. 08-83/2 од 10.07.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 6-та седницата одржана на 26.08.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08-83/4 од 01.10.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 7-ма седница одржана на 30.09.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски